# ДОДАТОК V

# РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “Фреш Фарм” ДОО увоз - извоз, Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК V**

**РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ... 3

V.1. Ракување со суровини, меѓу производи и производи ... 3

V.1.1. Суровини наменети за исхрана на живината ... 3

V.1.2. Останати суровини ... 4

V.1.3. Готов производ ... 4

V.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата ... 4

V.2.2. Опасен отпад ... 7

V.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата (сопствена депонија) ... 7

ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК V ... 9

**ПРИЛОЗИ**

Прилог V 1 Договор за вршење на комунална услуга со Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН“, 03-230/2, 08.05.2014 ... 10

Прилог V 2 Договор за собирање и одлагање на рециклирачки отпад склучен со УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ-Скопје, 0504-29/11, 30.11.2021 ... 13

Прилог V 3 Договор за преземање на органски отпад склучен со Друштво на производство за електрична енергија Вардар Био Процес ДОО Градско, 0504/2012-1, 20.12.2023 ... 16

Прилог V 4 Договор со Јавно претпријатие ДРИСЛА Скопје 0504/2903-1, 25.03.2024 ... 18

Прилог V 5 Договор со ЕкоЦентар 97 за преземање на опасниот отпад ... 21

**ВОВЕД**

Во инсталацијата за интензивно живинарство на Фреш Фарм во Мршевци, општина Илинден, се врши одгледување на пилиња и кокошки несилки за производство на конзумни јајца.

Инсталацијата за интензивно живинарство е проектирана со објекти кои се во функција на заокружување на целокупниот процес од одгледување на пилиња и кокошки несилки, собирање на готов производ (конзумно јајце), подготовка и складирање на храната за живината, сортирање и пакување на јајца.

Сместувањето на живината е во подобрен кафезен систем, на начин со кој се минимизира влијанието врз животната средина. Ваквиот тип на одгледување на живина е широко распространет во земјите на ЕУ. Тој претставува еден од најдобрите начини за производство, како и за отстранување на нус-продуктите, со најголем акцент на отпадот од живината - екскретот.

Формата и конструкцијата на одгледувалиштата, објектите и опремата, овозможуваат нивно одржување на лесен и хигиенски начин и ограничување на опасноста од појава на болести или трауматски повреди на животните, како и да се обезбедат соодветни безбедносни услови.

**V.1. Ракување со суровини, меѓу производи и производи**

За одгледување на пилиња и кокошки несилки во живинарската фарма "Фреш Фарм" се користат суровини кои е неопходно да бидат постојано на залиха и складирани во соодветен простор во зависност од нивните карактеристики.

**V.1.1. Суровини наменети за исхрана на живината**

Суровините (пченка, сончогледово ќуспе и соја) наменети за исхрана на живината се набавуваат рефус од камиони на локалните земјоделци. Потоа се истураат во инка и со помош на лифтот за подигање се сместуваат во силоси (пет) поставени до мелницата, каде привремено се складираат. Сточната креда и премиксот се набавуваат во џамбо вреќи и складираат во млинот на палети, додека сончогледовото масло се набавува во пластични резервоари до 1.000 l и се складира во млинот.



Подготовката на храната по рецептура се врши во мелницата. Мешањето на компонентите е автоматско преку PLC команден систем. Доводот на храна од силосот до системот за хранење е со спирален транспортер. До секој објект е поставен метален силос за складирање на храна со волумен од 28,57 m$^3$.

### V.1.2. Останати суровини

Објектот располага со неколку магацински простории:

- Магацин за амбалажа,
- Магацин за готов производ и
- Магацин за испорака на готов производ.

Сите три магацини се меѓусебно поврзани со внатрешни врати што овозможува нивна непречена комуникација. Помеѓу магацинот за амбалажа и магацинот за готов производ се наоѓа просторијата за сортирање и пакување на јајца, а во северниот дел од магацинот за испорака на готов производ е лоциран пред простор за испорака. Магацинските простории се користат за складирање на: суровини, готов производ, меѓупроизводи, машински делови, резервни делови и масти и масла.

Амбалажата за пакување на јајца се чува во магацинот за амбалажа и репроматеријали. Останатите помошни суровини како детергенти, дезинфикатори и мали количини на масла и масти за подмачкување на опремата се чуваат на посебно означени места во административниот објект, при што се води сметка за обезбедување на услови за безбедно складирање без да се загрози здравјето на вработените.

Дизел горивото е складирано во метален резервоар од 5.000 l, поставен до одгледувалиштето за пилиња.

### V.1.3. Готов производ

Готовиот производ (конзумно јајце) во соодветно пакување се складира во магацинот за готов производ. Пред да биде испорачан, готовиот производ се носи во магацинот за испорака, и се сместува во камиони за транспорт кон потрошувачите (во земјата и странство).

## V.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата

Во оперативната фаза на живинарската фарма се генерираат различни фракции на отпад (неопасен, опасен и биоразградлив отпад). Се очекува генерирање на следите видови на отпад: комунален отпад, отпад од пакување на суровините и готовиот производ, шталско ѓубриво (екскрет) од одгледувалиштата за кокошки и пилиња, угинати животни. Јајцата кај кои ќе бидат детектирани неправилности се третираат на ист начин како и генерираниот екскрет. Различните фракции отпад потекнуваат од производниот процес, складирање и ракување со суровини и готов производ, одржување на опремата, третман на комуналните отпадни води, одржување на зелените површини, одржување хигиена во административните простории, чистење на

објектите за одгледување на живина и магацинот за сортирање на готовиот производ, како и од генерираниот екскрет на живината.

Опасен отпад потенцијално може да се генерира при евентуално истекување на дизел горивото кои служи како енергенс за загревање на одгледувалиштето за пилиња или во случај на инцидентно истекување на масти или масла при сервисирање на опремата.

*Табела 1 Листа на видови отпад кои се генерираат во оперативна фаза на инсталацијата*

| | **Вид на отпад** | **Број од Листата на видови отпад** |
|---|---|---|
| **20-КОМУНАЛЕН ОТПАД (ОТПАД ОД ДОМАЌИНСТВА И СЛИЧЕН ОТПАД ОД КОМЕРЦИЈАЛНА, ИНДУСТРИСКА И АДМИНИСТРАТИВНА ДЕЈНОСТ) ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ ФРАКЦИИТЕ СЕЛЕКТИРАН ОТПАД** | | |
| | Одвоено собрани фракции | 20 01 |
| | Градинарски отпад и отпад од паркови | 20 02 |
| | Комунален отпад | 20 03 01 |
| **Отпад од пакување ( вклучувајќи го и пакувањето издвоено од комунален отпад)** | | **15 01** |
| | Пакување од хартија и картон | 15 01 01 |
| | Пакување од пластика | 15 01 02 |
| **Отпад од станица за пречистување на отпадни води што не се поинаку специфицирани** | | **19 08** |
| | Мил од преработка на комунални отпадни води | 19 08 05 |
| **Отпад од земјоделство, хортикултура, аквакултура, шумарство, лов и риболов** | | 02 01 |
| 1 | Отпад од животинско ткиво (угината живина) | 02 01 02 |
| 2 | Животински измет, урина и ѓубриво (гној) (измешани со слама) отпадни води, посебно собрани и третирани вон од местото на создавање | 02 01 06 |
| **Отпад од масла и течни горива** | | 13 07 |
| 1. | Мазут и дизел гориво | 13 07 01* |

*опасен отпад

### V.2.1. Неопасен отпад

- **Комунален отпад**

Комуналниот отпад (20 03 01) е отпад кој се создава од вработените во инсталацијата. Комуналниот цврст отпад е во вид на отпадоци од храна, хартија, амбалажа (метална,

хартиена, пластична) и др. Со оглед на малиот број на вработени (10 до 13 вработени) во живинарската фарма, количината на генериран комунален отпад не се очекува да биде повеќе од 2 тони годишно.

Операторот има склучено Договор за преземање на комуналниот отпад со ЈКП Илинден даден во Прилог V 1 .

➢ **Отпад од пакување**

Отпадот од пакување (15 01) е секое пакување или материјал за пакување што се создава од влезните суровини.

- Хартиени вреќи од влезни суровини
- Пластична амбалажа од средства за дезинфекција
- Оштетени хартиени влошки за пакување на готовиот производ/јајца.

Количините на отпад од пакување варира согласно потребите во живинарската фарма.

За преземање на отпадот од пакување, Операторот има склучено Договор со Унитрејд Скопје (даден во Прилог V *2*).

➢ **Мил од преработка на комунални отпадни води**

Од процесот на третман на фекални води во ПСОВ се генерира мил која претставува отпад (19 08 05) и истата редовно ќе се отстранува од страна на овластена компанија за преземање на милта со која Операторот ќе склучи Договор а поседува Дозвола за собирање и транспорт на милта. Проценетите количини на мил на годишно ниво се околу 2,2 $m^3$.

➢ **Шталско ѓубриво**

Од секојдневното функционирање на живинарската фарма, се создава екскрет од кокошките несилки и пилињата (02 01 06), кој континуирано се отстранува преку подвижна лента во внатрешноста на одгледувалиштата, при што се суши до 55% сува материја. Потоа преку надворешните вертикални транспортери се полни во тракторски приколки и кипер камиони и се транспортира до биогасната централа Вардар Био Процес Градско за производство на електрична енергија од биогас (склучениот Договор со биогасната централа е даден Прилог V 3).

Очекуваната неделната количина на генериран екскрет од кокошки несилки и пилиња се очекува да изнесува 35,63 t неделно или околу 5 t дневно.

По завршување на секој турнус, вселување на нова живина во објектот ќе се врши откако објектот е исчистен (со суво чистење) и откако е направена дезинфекција и дезинсекција.

- **Угинати животни**

Угинатите животни (02 01 02) се третираат како нуспроизводи од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето. Процентот на смртност кај несилките изнесува 7% за еден турнус. Угинатите животни се собираат, идентификуваат и отстрануваат без загрозување на здравјето на луѓето, здравствената заштита на животните и без штетни влијанија на животната средина.

Операторот врши времено отстранување и складирање на мртви птици во разладна комора во рамки на инсталацијата. Живината се пакува во пластични кеси и замрзнува, се до преземање и транспортирање од страна на овластена компанија со која Операторот ќе склучи Договор, која поседува Дозвола за собирање и транспортирање на овој вид на отпад до Депонија Дрисла Скопје.

Фреш Фарм има склучено договор бр.0504/2903-1 од 25.3.2024 година со Јавното претпријатие Дрисла за прифаќање на угинатите животни и понатамошно постапување со истите согласно националното законодавство.

### V.2.2. Опасен отпад

Во оперативната фаза на живинарската фарма „Фреш Фарм" не се очекува генерирање на опасен отпад, освен при инцидентни истекувања на дизел горивото (13 07 01*) кое се користи како гориво за генераторот на топол воздух за загревање на одгледувалиштето за пилиња и дизел агрегатот.

Мали количини на отпадна амбалажа од дезинфициенсите (со шифра на отпад 15 01 10* и 06 13 01*) ќе се генерираат и со истите ќе се постапува како со опасен отпад, односно ќе се презема од страна на овластен постапувач за опасен отпад (Екоцентар 97) со кој операторот има склучено Договор (даден во Прилог V 5).

При сервисирање на инсталираната опрема, може да се генерираат мали количини на отпадни масти или лубриканти и амбалажата од истите (со шифра на отпад 15 01 10* и 15 01 11*), кои ќе бидат предадени на овластениот постапувач за опасен отпад со кој операторот има склучено Договор.

## V.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата (сопствена депонија)

Во границите на живинарската фарма "Фреш Фарм" нема да има одложување на отпад. Создадениот отпад континуирано, согласно типот на отпад и фреквенцијата на создавање, се складира времено, се до преземање од правни лица со кои Операторот

има склучено Договори и кои поседуваат дозвола за постапување со секој вид отпад согласно Законот за управување со отпад и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

Генерираниот екскрет од кокошките несилки и пилињата, континуирано се отстранува така што паѓа во канали под кафезите каде што е поставена хоризонтална подвижна лента. На излез од објектите за одгледување на живина, од хоризонталната внатрешна транспортна лента екскретот паѓа на надворешен транспортер од каде се полни во тракторски приколки и кипер камиони и се транспортира до биогасната централа Вардар Био Процес Градско за производство на електрична енергија од биогас. Операторот има склучено Договор со Вардар Био Процес за преземање на екскретот, за 15 години (Прилог V 3).

# ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК V

*Прилог V 1 Договор за вршење на комунална услуга со Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН“, 03-230/2, 08.05.2014*

Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 03-230/2
08.05.20
Населба, ИЛИНДЕН

# ДОГОВОР

## за вршење на комунални услуги

**Склучен помеѓу :**

1. **Јавно Комунално Претпријатие „ИЛИНДЕН„** - н.Илинден, со седиште на ул.„Гоце Делчев" б.б. н.Илинден, со матичен број 5208238, со жиро сметка: 300000000475918, Депонент Комерцијална Банка АД Скопје, Даночен број 4030998337063, застапувано од Директорот Сашо Саздовски, како Извршител на услугата (во понатамошниот текст **Извршител**) и

2. **Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „ФРЕШ ФАРМ" ДОО увоз-извоз Илинден**, со седиште на ул.„34" бр.3 нас.Илинден Скопје, матичен број 5768306, ЕДБ МК4030003480632, жиро с-ка 300000001720234, депонент банка Комерцијална банка АД Скопје, застапувано од Управителот Горан Маркоски (во понатамошниот текст од договорот - **Корисник на услугата**).

***Предмет на договорот***

**член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на комунална услуга за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од страна на Извршителот, а за потребите на Корисникот на услугите.

**член 2**

Видот и описот на услугите предмет на овој договор, како и динамиката на нивно извршување се следни:

- Локација- деловен објект на корисникот лоциран на ул. „34" бр.3 н.Илинден
  - 1 (еден) контејнер со капацитет од 1,1 $m^3$ со динамика на подигнување: два пати месечно
    ***1 контејнер x 2 подигнувања месечно x (650,00 ден./за едно подигнување на контејнер) ------------- 1.300,00 ден.(месечно)***

Терминот за извршување на услугите дополнително го определува нарачателот на услугите.

*Цените се без вкалкулиран Данок на додадена вредност и истите се утврдени со Одлука на Управниот одбор на ЈКП „Илинден" н.Илинден, за која согласност е добиена и од Советот на Општина Илинден.*

*Извршителот на услугите го задржува правото на корекција на цените при евентуална измена на истите, по претходно писмено известување до Корисникот на услугата.*

**член 3**

Извршителот на услугите е должен да одговори и постапи по секој повик на Корисникот на услугата и благовремено да ги обезбеди побараните услуги, специфицирани во претходниот став.

Веднаш по извршувањето на услугата Извршителот и Корисникот на услугата се должни да потпишат испратница за соодветната услуга.

Со цел да се обезбеди благовременото исполнување на услугите побарани од Корисникот на услугата, Извршителот се обврзува да обезбеди контакт лице и контакт телефон/е-маил адреса за прием на повиците на Корисникот.

*Цена, услови и рокови на плаќање*

**член 4**

**Вкупната месечна цена** за извршување на услугите наведени во чл.2 од овој Договор, **без вкалкулиран Данок на додадена вредност изнесува 1.300,00 денари,** а рокот за плаќање на истите е 15 дена по приемот на фактурата.

Доколку во текот на месецот има вршено дополнителни услуги надвор од договорените, истите ќе се фактурираат дополнително по доставена испратница за дополнителни услуги, по цените утврдени од раководните органи и тоа 650,00 денари (без ДДВ) за едно подигнување на контејнер со капацитет од 1.1 м3, односно 2.210,00 денари (без ДДВ) за едно подигнување на контејнер со капацитет од 5.5 м3.

*Права и обврски на договорните страни*

**член 5**

Извршителот се обврзува :

- Да ги изврши договорените работи стручно, квалитетно и навремено согласно овој Договор, Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ" бр.68/2004,107/2007,102/2008,143/2008, 124/10, 51/11 и 23/12), како и согласно сите други евентуално пропишани законски регулативи кои се однесуваат на претходното, на начин што нема да го попречува Корисникот на услугите во вршењето на својата дејност;
- Работите предмет на договорот да ги врши технички персонал кој е искусен и оспособен за извршување на работите;
- Вршењето на услугите да го извршува со специјална опрема , наменета и конструирана за извршување на ваков вид на работи;
- Да обезбеди 1 контејнер со капацитет од 1,1 м3 (садот за отпад е во сопственост на Извршителот на услугата и истиот ќе биде поставен во седиштето на Корисникот на услугите);
- По потреба и по барање на Корисникот на услугата, да обезбеди дополнителен број на соодветни контејнери за собирање на отпад;
- Да води сметка за заштита на животната средина , согласно Законот за животната средина , како што е предвидено со Законот за управување со отпад;
- Да приложи копија од Дозвола издадена во согласност со Законот дека е овластен за вршење на ваков вид на дејност, како прилог на овој Договор.

**член 6**

Корисникот на услугата се обврзува :

- Да назначи лице за контакт кое ќе присуствува за време на извршување на работите - предмет на Договорот, а особено да води евиденција за бројот на очистени контејнери и да потпишува испратници за извршените услуги
- Да му овозможи слободен пристап на Извршителот до површините каде ќе се извршуваат услугите кои се предмет на договорот
- Навремено и без одлагање да изврши уплата на средствата во договорениот рок, по прием на фактурата од страна на Извршителот

***Времетраење и раскинување на договорот***

**член 7**

Договорот се склучува на неопределено време, а кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска на начин и во рок определен со овој Договор, другата страна може да бара исполнување на обврската во дополнителен рок или да го раскине Договорот со отказен рок од 30 дена и да бара надомест за евентуално претрпената штета која би произлегла од неисполнување на услугата.

**член 8**

Договорната страна која поради неисполнување на договорените обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање , по писмен пат

***Применлив закон***

**член 9**

За се што не е регулирано со овој Договор , ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**член 10**

Договорните страни се согласни настанатите спорови кои произлегуваат од овој Договор или од неговото неизвршување, раскинување , да ги решаваат на спогодбен начин, а во спротивно надлежен е судот во Скопје.

***Завршни одредби***

**член 11**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

**член 12**

Договорот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| Извршител | Корисник на услугите |
| --- | --- |
| ЈКП „ИЛИНДЕН" н.Илинден | „ФРЕШ ФАРМ" ДОО Илинден |
| Директор | Управител |
| Сашо Саздовски | Маркоски Горан |

Изработил:
Предраг Паневски

*Прилог V 2 Договор за собирање и одлагање на рециклирачки отпад склучен со УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ-Скопје, 0504-29/11, 30.11.2021*

Друштво за рециклажа, производство, трговија и услуги УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 76/21
30.11 2021 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги
ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз
Бр. 0504-29/11
30.11 2021 год.
нас.Илинден Илинден

Датум :30.11.2021

# Договор за собирање и одлагање на рециклирачки отпад

склучен помеѓу

ФРЕШ ФАРМ ДОО –Скопје

и

УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ - Скопје

UNITRADE 2012
BUL. BORIS TRAJKOVSKI 73
SKOPJE, R. MACEDONIA
078 284 165
078 306 873
INFO@UNITRADE.COM.MK
WWW.UNITRADE.COM.MK

ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

**Склучен на ден: 30.11.2021 год.**

1. Друштво за производство,земјоделие,трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Илинден со седиште на ул.34 бр.3 Илинден, 1041 Скопје и ЕМБС 5768306 и ЕДБР 4030003480632 претставувана од управителот Горан Маркоски со адреса на живеење ул.34 бр.3 Илинден,1041 Скопје ( во понатамошниот текст)Продавач

2. ,,УНИТРЕЈД 2012,, ДООЕЛ –Скопје , со седиште бул.Борис Трајковски бр 73 –Скопје , со ЕМБС 130910844 и ЕДБР 4057012517935 претставувана од управителот Игор Тасевски (во понатамошен текст)Купувач

Член 1

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на договорните страни во врска со купопродажба на отпадна хартија, најлон, пластика и друг вид на неопасен отпад , за кое што имаме соодветна дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ, како и давање на користење и управување со опремата (метални контејнери) за складирање на неопасен отпад .

Член 2

Квалитетот, количините и цените се договараат и тоа:
-отпадна хартија - ден/кг
-отпаден најлон - ден/кг
-пет амбалажа и пвц пластика - ден/кг
- отпадно железо- ден/кг

Мерењето на отпадниот матерјал ќе се врши на взаемно прифатени ваги, а договорните страни ќе го потврдат испорачаното количество и квалитетот , со потпис на испратница која ќе биде основ за фактурирање.. Договорот е склучен на определено време и истиот може да се продолжи со анекс на договор,отказниот рок на договорот изнесува 30 дена,договорот стапува на сила на денот на потпишување.
Купувачот е должен да изврши плаќање на фактурата во рок од 30 дена,сметано од денот на издавање на истата од страна на Продавачот.

Член 3

Врз основа на член 39 од Законот за управување со отпад, двете страни се согласни да пополнат идентификационен и транспортен формулари за отпад согласно правилникот.

Член 4

Купувачот се обврзува својата опремата (метални контејнери – 1 комад ) за складирање на отпад (отпадна хартија отпаден најлон,отпадна пластика )да ја постави кај продавачот на однапред одредена локација.

Член 5

Во тек на периодот за користење на опремата , продавачот има обврска да ја користи свесно, одговорно и исклучиво наменски.
Опремата може да ја подига и поставува само Унитрејд 2012 и никој друг.

Член 6

Двете страни се должни да ги почитуваат и применуваат сите прописи и обврски согласно Законот за безбедност и здравје при работа,ризикот за безбедност при истовар/утовар на отпадниот матерјал го превзема фирмата Купувач.

Член 7

Се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и др. позитивни прописи на РМ, во спротивно надлежен е Основниот Суд Скопје 2 Скопје

Член 8

Договорот е склучен во 2 (два) идентични примерока, по еден за секоја страна.

| ПРОДАВАЧ | КУПУВАЧ |
| --- | --- |
| ФРЕШ ФАРМ ДОО | УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ |

ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз нас.Иљинден

УНИТРЕЈД 2012

*Прилог V 3 Договор за преземање на органски отпад склучен со Друштво на производство за електрична енергија Вардар Био Процес ДОО Градско, 0504/2012-1, 20.12.2023*

Друштво за производство на електрична енергија
**ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО**
Бр. 05-42
20.12.2023 год.
ГРАДСКО

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги
**ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз**
Бр. 0504/2012-1
20.12.2023 год.
нас.Илинден Илинден

# ДОГОВОР
# ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОРГАНСКИ ОТПАД

Склучен во Градско на 01.12.2023 година помеѓу:

Помеѓу:

1. Друштво за производство на електрична енергија **Вардар Био Процес ДОО** Градско, со седиште на ул. Автопат бр.4, Градско со ЕМБС 7420129, ЕДБ 4045020500466, застапувано од Благоја Тужароски, како Превземач и

2. Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги **ФРЕШ ФАРМ ДОО** увоз-извоз Илинден, ЕМБС 5768306 и ЕДБ 4030003480632, застапувано од управителот Иван Маркоски, како Производител.

Член 1

Превземачот е трговско друштво кое се занимава со производство на електрична енергија од биогас. За целите на вршењето на дејноста има потреба од користење на органски отпад.
Производител е трговско друштво кое при вршењето на неговата дејност продуцира органски отпад кој треба соодветно да се третира.
Поради тоа договорните страни имаат интерес од меѓусебна соработка со цел правилно третирање и користење на органскиот отпад, а со тоа и спречување на влегување органски отпад во депонии или согорувачи.
Со реализацијата на овој договор се влијае врз зачување на животната средина, елиминирање на мирисите, штетните гасови и елиминирање на $CO_2$ во атмосферата, а со тоа се штеди енергија бидејќи може да се произведе во форма на биогас.

Член 2

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со превземањето на органски отпад од **кокошки.**

Член 3

Производителот се обврзува целокупниот органски отпад од неговото производство да го предава исклучиво на Откупувачот.
Предавањето на отпадот ќе биде од седиштето односно производствените капацитети на Производителот, целокупната организацијата за прибирање и утовар ќе биде обврска на Производителот, додека транспортот ќе биде обврска на Превземачот.

Член 4

Превземачот се обврзува да го превземе целото количество на органски отпад кое го има Производителот. Превземачот се обврзува веднаш по известувањето од страна

на Производителот дека истиот има отпад, во претходно дадените термини за подигање на отпадот на неделна основа, да обезбедени превоз на отпадот од капацитетите на Производителот до неговите капацитети.

Член 5

Договорните страни се согласни целокупната количина Превземачот да ја превземе за следниот надоместок и тоа:

- Пилешки отпад во течна состојба – без надоместок
- Пилешки отпад во цврста состоба – надоместок од 150 денари од тон

Член 6

Производителот се обврзува целокупното количество на органски отпад да го остапи единствено на Превземачот. Превземачот има обврска да ги превземе целокупните количини на органски отпад.

Член 7

Договорот се склучува за временски период од 15 (петнаесет) години. Договорот може да се раскине само спогодбено, по заемна согласност на договорните, но исто така може да се раскине и еднострано по барање на превземачот, во случај на економски наисплатливост од превземањето на отпадот.
Договорот престанува да важи доколку една од договорните страни престане со работа или на друг начин ќе престане да постои.

Член 8

Договорните страни се согласни во случај на евентуален спор кој би произлегол во врска со овој договор стварно и месно надлежен да биде Основниот Суд Скопје.

Член 9

Овој договор е составен во 2 (два) еднообразни примерока од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Договорни страни:

ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО — ФРЕШ ФАРМ ДОО

ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО

ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз нас. Илинден

2

*Прилог V 4 Договор со Јавно претпријатие ДРИСЛА Скопје 0504/2903-1, 25.03.2024*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr. 03-443/2
29.03.2024 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз
Бр. 0504/2903-1
25.03.2024 год.
Мршевци, Илинден

**ДОГОВОР**

**Склучен помеѓу:**
**Јавното претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје,** со седиште на Бул.Илинден ББ Скопје, Центар, со ЕМБС 6533191, ЕДБ 4080009506800, жиро сметка 300000003384172 на Комерцијална Банка АД Скопје **како Давател на услуги**, застапувано од **Директорот Александар Кузинаков и**

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Мршевци, Илинден,** со седиште на ул. 1 бр. 99 Мршевци, Илинден, ЕМБС 5768306, ЕДБ 4030003480632, жиро сметка 300000001720234 на Комерцијална Банка АД Скопје, **како Корисник на услуга** застапувано од **Управител Иван Маркоски.**

**Член 1**

Предмет на овој договор е прием на прехранбени стоки согласно Листата на видови отпад (Сл.весник на РМ бр.100/05) и Измената на А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА број УП1-11/3-1541/2021 од 27.07.2022 год. издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Член 2**

Корисникот на услугата се обврзува со сопствено или изнајмено возило кое има дозвола за транспорт на отпад кој е предмет на овој Договор, да го транспортира отпадот од чл.1 во депонија Дрисла со однапред договорен термин за уништување и изготвена соодветна документација согласно Законот за управување со отпад (Сл.весник на РСМ 216/21) и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Сл.весник на РМ бр.7/06). Корисникот на услугата се задолжува 2 дена пред секое носење на отпадот да ги извести референтите за уништување на отпад Натка Среброва natka.s@drisla.mk 076/317-116 и Оливер Мирчески oliver@drisla.mk 075/208-387 на што ќе добие одговор за понатамошно постапување со отпадот.

**Член 3**

Давателот на услугата се обврзува возилата со отпад да ги прифати во однапред договорен термин, да изврши мерење на отпадот и издаде Кантарна Белешка за количината и видот на измерениот отпад, да ги провери и контролира транспортниот и идентификациониот формулар, да го посочи местото за истовар придржувајќи се на технолошкиот процес на депонирање на отпадот. Давателот на услугата при приемот на отпад ги проверува, контролира и соодветно дополнува транспортниот и идентификациониот формулар согласно Законските и подзаконски акти наведени во чл.2 од овој Договор и по еден примерок од двата задржува за себе.

**Член 4**

Договорните страни се согласни Корисникот да го истовари отпадот од сопственото возило со свои работници на местото посочено од Давателот на услугите. Корисникот на услугата е должен да му достави листа на возила со кои ќе врши транспорт на отпад до депонијата. Доколку дојде до измена на истата да го извести Давателот на услугата заради ажурирање во дигиталната база на ЈП Депонија Дрисла.

**Член 5**

Цената на извршената услуга ќе се наплати согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата одобрен од Советот на Град Скопје и таа изнесува 3.100,00 ден./тон за прехранбени стоки.
Цената за наведените услуги е без пресметан ДДВ (5%)

**Член 6**

Корисникот на услугата е согласен доколку отпадот кој го донесе не е предмет на договор, а го има во А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, да биде тарифиран согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата, одобрен од Советот на Град Скопје.

**Член 7**

Доколку давателот на услугата изврши било какви промени во методологијата или цената на услугите, Давателот на услугите го задржува правото истите да ги примени.
Давателот на услугите е должен најмногу 30 дена откако промените од став 1 на овој член ќе стапат во сила, да го извести Корисникот на услугите за истите, а Корисникот на услугите има право доколку промените за него не се прифатливи да го раскине овој Договор во рок од 30 дена од добивањето на известувањето.

**Член 8**

Давателот на услугата на крајот на месецот ќе му фактурира на Корисникот на услугите.
Давателот на услугите се обврзува заедно со фактурата на Корисникот на услугата да му достави и спецификација со пресметки за извршените услуги.
Корисникот на услугата е должен доставената фактура да ја плати до 8-ми (осми) во месецот за претходниот месец. Доколку паричната обврска не е исполнета во договорениот рок Давателот на услугата има право да пресмета и наплати казнена камата утврдена со Закон и надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска согласно Законот за финансиска дисциплина.

**Член 9**

Доколку Корисникот на услугите не плати две последователни фактури, Давателот на услугите има право да прекине со давањето на услугата се до подмирување на обврските, без претходно да има обврска да го извести Корисникот на услугата.

**Член 10**

За се што не е опфатено со одредбите на овој Договор ќе важат општите одредби на Законот за облигациони односи.

**Член 11**

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување и е со важност од **1 (една) година**. Договорот може да биде раскинат и пред истекот на наведениот период доколку едната страна во пишана форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датата која го утврдила за престанок на Договорот.
Корисникот на услугата се согласува да го потпише и врати договорот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот. Во спротивно договорот нема да се смета за склучен.

**Член 12**

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни, по писмен пат со Анекс на овој Договор.

**Член 13**

Доколку настане спор од одредбите на овој Договор двете страни ќе го решат спогодбено, а ако тоа не е можно надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје.

**Член 14**

Овој Договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примероци потпишани и заверени за секоја договорна страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **Давател на услуга**<br>**ЈП депонија Дрисла-Скопје**<br>**Директор** | **Корисник на услуга**<br>**ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз**<br>**Мршевци, Илинден**<br>**Управител** |
| **Александар Кузинаков** | **Иван Маркоски** |

*Прилог V 5 Договор со ЕкоЦентар 97 за преземање на опасниот отпад*

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз
Бр. 0504/2304-1
23.04. 2024 год.
Мршевци, Илинден

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0302/187
23.04. 2024 год.
СКОПЈЕ

## ДОГОВОР
### за преземање на опасен отпад

Склучен на 22.04.2024 година, помеѓу:

1. **Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Мршевци, илинден**, со седиште на ул.1 бр.99 Мршевци, Илинден со ЕМБС: 5768306 И ЕДБ:МК4030003480632 претставувано од Управителот Иван Марковски, во понатамошен текст **ГЕНЕРАТОР/ОТ** и

2. **Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Ѓорѓи Колозов бр.10, 1040 Скопје и ЕМБС 5124514, претставувано од Овластено лице Сунчица Момировска, во понатамошниот текст како **ПРЕЗЕМАЧ/ОТ**

**Каде што,**

ГЕНЕРАТОРОТ има потреба од ангажирање на услуги за преземање, транспорт и складирање на опасен отпад за потребите на своето работење согласно изготвена спецификација;

ПРЕЗЕМАЧОТ е лиценцирано друштво кое дава услуги на преземање, транспорт, складирање и третман на разни видови индустриски опасен и неопасен отпад, со долгогодишно искуство во областа на територијата на Република Северна Македонија;

Од тие причини, договорните страни се договорија за следново:

### 1. Дефиниции

Во овој Договор освен ако контекстот не налага поинаку:

**Страна/Страни** - значи ГЕНЕРАТОРОТ и ПРЕЗЕМАЧОТ индивидуално/ колективно;

**Договор** - значи овој Договор потпишан од Страните;

**Цена** - значи износот дефиниран согласно Член 4 што ГЕНЕРАТОРОТ има обврска да му го плати на ПРЕЗЕМАЧОТ по основ на овој Договор;

**Понуда** – значи Понудата за преземање на опасен отпад од 19.09.2023 година, доставена од ПРЕЗЕМАЧОТ до ГЕНЕРАТОРОТ, која е дадена во прилог на овој Договор како негов составен дел;

**Работен ден** – значи секој ден од понеделник до петок, од 8 часот до 15 часот, и сабота 8 часот до 13 часот од со исклучок на деновите кои се пропишани како неработни согласно Законот за празниците.

### 2. Предмет на Договорот

2.1. Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските помеѓу Страните во врска со преземање, транспорт, складирање и финално уништување на опасен отпад од страна на ПРЕЗЕМАЧОТ за потребите на ГЕНЕРАТОРОТ, по цена и услови утврдени со овој договор и Законот за управување со отпадот (во понатамошниот текст како "Услуги").

2.2 Предмет на овој договор се следните услуги:

- Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци со шифра на отпад 15 01 10*
- Метално пакување што содржи опасни цврсти порозни матрици (на пр.Азбест) вклучувајќи празни садови под притисок со шифра на отпад 15 01 11*
- Неоргански средства за заштита на растенија, средства за заштита на дрво и други биоциди со шифра на отпад 06 13 01*
- Транспорт со АДР возило (опционално);

2.3 Услугите од став 2, точка 1 од овој член вклучуваат:

- препакување во садови со UN ознака за меѓународен транспорт;
- привремено складирање во магацин за опасен отпад;
- транспорт со АДР возило до постројка за третман/уништување и
- финален третман/уништување на опасниот отпад во постројка за третман/уништување.

## 3. Права и обврски на договорните страни

3.1. ГЕНЕРАТОРОТ е согласен дека отпадот кој е опишан во член 2 од овој договор ќе биде предаден на ПРЕЗЕМАЧОТ и се обврзува да го собира, селектира и складира отпадот согласно подзаконските акти од Законот за управување со отпад за поединечен тип на отпад, односно да ги става во посебна амбалажа и истата да биде означена соодветно, согласно типот на отпад.

3.2. ГЕНЕРАТОРОТ ќе му обезбеди на ПРЕЗЕМАЧОТ можност за непречен пристап за стручни лица на ПРЕЗЕМАЧОТ во соодветниот објект каде треба да бидат извршени Услугите, како и непречено движење во деловно-канцелариските, фабричките и/или магацинските простории на ГЕНЕРАТОРОТ, а со цел исполнување на обврските од овој Договор.

3.3. ГЕНЕРАТОРОТ е должен :

- да назначи лице за координација;
- да обезбеди точна спецификација на отпадот вклучувајќи и безбедносен лист (MSDS), сертификат за квалитет и/или хемиска анализа од опасниот отпад со цел идентификација;
- да обезбеди дигалка за палети.

3.4. ГЕНЕРАТОРОТ се обврзува транспарентно да го информира ПРЕЗЕМАЧОТ за составот и моменталната состојба на опасниот отпад односно да го информира ПРЕЗЕМАЧОТ доколку постои можност опасниот отпад наведен во барањето за Понуда да е измешан со друг тип на хемиска супстанца (друга хемикалија, вода, мил и сл.).

3.5. ПРЕЗЕМАЧОТ има право да не го прифати отпадот доколку не е во согласност со спецификацијата дадена од страна на ГЕНЕРАТОРОТ на отпад.

3.6. ГЕНЕРАТОРОТ е должен во зависност од природата на услугите што ги бара, да се погрижи барањата за услуги да бидат доставени навремено до

ПРЕЗЕМАЧОТ како и навремено да ги донесува сите одлуки потребни за исполнување на барањето.

3.7. ПРЕЗЕМАЧОТ се обврзува да изврши преземање на отпадот во рок од 5 (пет) дена по доставената нарачка од страна на ГЕНЕРАТОРОТ. Преземањето на отпаднот ќе се извршува еднаш годишно во месец март.

3.8. ПРЕЗЕМАЧОТ потврдува дека работниците кои ќе ги извршуваат Услугите:

- се вработени во ЕКОЦЕНТАР 97;
- поседуваат потребни квалификации за изведување на предвидените работи;
- поседуваат соодветна обука за безбедност и здравје при работа во согласност со позитивните законски прописи;
- поседуваат индивидуална опрема за лична заштита која одговора на видот и работата што ја извршуваат.

3.9. ПРЕЗЕМАЧОТ потврдува дека возилата и опремата како и другите средства за работа се соодветни на работите кои ќе се извршуваат, дека за истите поседува АДР сертификати и дека редовно се сервисираат и чуваат во добра функционална состојба.

3.10. ПРЕЗЕМАЧОТ потврдува дека ги има сите потребни лиценци, одобренија и дозволи за управување со отпад и тоа: дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад, дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад и дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови неопасен и опасен отпад;

- Дозвола за вршење дејност складирање и третман на (опасен и неопасен) отпад Дозвола бр.Уп1—11/2-2483/2022 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ на 22.12.2022 год. со важност до 16.03.2033;
- Решение за проширување на Дозволата за вршење дејност складирање и третман на (опасен и неопасен) отпад бр.Уп1-31-1095/2020 од 30.09.2020;
- Дозвола за вршење дејност собирање и транспорт на комунален и други видови на неопасен отпад со Бр.216 заведена под број Уп1-11/2-2225/2022 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ на 16.11.2022 со важност до 16.01.2033 год;
- Дозвола за вршење дејност собирање и транспорт на опасен отпад со Бр.14 заведена под број Уп1-31-629/2020 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ на 01.07.2018 со важност до 29.06.2030 год;
- Решение за проширување на Дозволата за собирање и транспорт на опасен отпад број Уп1-11/2-1955/2023 од 29.09.2023.
- Решение за проширување на Дозвола за управување со отпад (собирање и транспортирање на опасен отпад) бр. УП1-11/2-2466/2023 од 26.01.2024

3.11. ПРЕЗЕМАЧОТ му гарантира на ГЕНЕРАТОРОТ дека Услугите кои се предмет на овој Договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на овие Услуги во Република

Северна Македонија односно Закон за управување со отпадот, Правилник за начинот и условите за складирање на отпадот, Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад, Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај и Правилник за увоз-извоз и транзит на отпад.

3.12. Договорените Страни се согласни дека во текот за секое преземање на отпадот кој е опишан во член 2 ќе изработат и потпишат соодветна документација согласно законските прописи, подзаконски акти и други прописи на СРМ од оваа област како и според потребите на Генераторот и Преземачот и тоа: транспортен формулар, идентификационен формулар, товарен лист, испратница, приемница и кантарска белешка во онолку примероци колку се потребни за тековното работење на двете страни.

## 4. Цена и начин на плаќање

4.1. Цената за извршување на Услугите од овој Договор ќе изнесува:

- За услугата преземање и понатамошен третман на пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци со шифра на отпад 15 01 10* цената е 110 ден/кг;
- За услугата преземање и понатамошен третман на метално пакување што содржи опасни цврсти порозни матрици (на пр. Азбест) вклучувајќи празни садови под притисок со шифра на отпад 15 01 11* цената е 130 ден/кг;
- За услугата преземање и понатамошен третман неоргански средства за заштирта на растенија, средства за заштита на дрво и други биоциди со шифра на отпад 06 13 01* цената е 280 ден/кг;
- Транспорт на опасен отпад со АДР возило по цена од 5.000 ден/тура;

4.2. Надомест за преземање на опасен отпад и транспорт се плаќа од страна на ГЕНЕРАТОРОТ.

4.3. Понудената цена се однесува по килограм и тура . Точните количини на опасен отпад се утврдуваат со мерење на отпадот при преземање кај ПРЕЗЕМАЧОТ.

4.4. РЕЗЕМАЧОТ е должен да издаде уредна фактура која ги содржи сите Пзадолжителни елементи на фактура пропишани со Законот за ДДВ кој е во важност на денот на издавање на фактурата. Врз основа на Закон за ДДВ, за услугата преземање на опасен отпад и транспорт со АДР возило се пресметува повластена даночна стапка од 5%.

4.5. Плаќањето од страна на ГЕНЕРАТОРОТ кон ПРЕЗЕМАЧОТ ќе биде извршено во рок од 30 (триесет) дена од датумот на издавање на фактура од страна на ПРЕЗЕМАЧОТ согласно член 4.4.

4.6. Во случај на задоцнето плаќање, како што е наведено во закон, ПРЕЗЕМАЧОТ има право на законска казнена камата според стапките определени во релевантните закони и акти.

4.7. Начинот на плаќање ќе биде банкарски трансфер. ГЕНЕРАТОРОТ ќе ги изврши сите плаќања во согласност и во контекст со Договорот во македонски денари на следната банкарска сметка на ПРЕЗЕМАЧОТ:

**Банкарска сметка на ПРЕЗЕМАЧОТ**: 240040001566868
**Назив на Банката**: УНИ БАНКА АД Скопје

4.8. Сите плаќања врз основа на овој Договор ГЕНЕРАТОРОТ ќе ги извршува единствено на сметката на ПРЕЗЕМАЧОТ означена во овој Член 4.7.

4.9. Во случај на било какви промени во податоците на сметката на ПРЕЗЕМАЧОТ, ПРЕЗЕМАЧОТ се обврзува веднаш да го извести ГЕНЕРАТОРОТ за таквите промени, во писмена форма.

4.10. По приемот на таквото известување, договорните страни ќе склучат анекс кон договорот за промена на податоците на сметката на ПРЕЗЕМАЧОТ, во писмена форма.

## 5. Времетраење на Договорот

5.1. Овој Договор стапува на сила на 22.04.2024 година и се склучува за временски период од 1 (една) година. Договорот може да се продолжи со потпишување на Анекс на Договорот.

## 6. Раскинување на Договорот

6.1. Договорот може да биде раскинат пред истекот на периодот за кој бил склучен со меѓусебна писмена спогодба на двете договорни Страни.

6.2. Овој Договор може да биде раскинат од секоја договорна Страна со поднесување на претходно писмено известување до ПРЕЗЕМАЧОТ, со отказен рок од 30 дена.

6.3. Овој Договор може да биде раскинат од страна на ПРЕЗЕМАЧОТ, со поднесување на претходно писмено известување до ГЕНЕРАТОРОТ, со отказен рок од 30 дена.

6.4. Во случај на еднострано раскинување на Договорот од страна на ГЕНЕРАТОРОТ, ПРЕЗЕМАЧОТ ќе има право на надомест на Услугите извршени до денот на раскинување, и нема да има право да побарува од ГЕНЕРАТОРОТ надомест на штета, загуба на профит, обесштетување или да има побарување од било каква природа, согласно закон и овој Договор.

6.5. Губењето на дозволите поврзани со собирање, транспорт и преработка на отпад наведени во овој Договор или прекршување на законските одредби и поврзани прописи од страна на ПРЕЗЕМАЧОТ претставува основ за еднострано раскинување на овој Договор без отказен рок од страна на ГЕНЕРАТОРОТ.

## 7. Виша сила

7.1. Договорните Страни нема да бидат одговорни за делумно или целосно неисполнување, или задоцнување при исполнување на обврските од овој Договор, доколку истото се должи на настан на виша сила кој се случил по склучувањето на Договорот, односно преземањето на конкретната обврска, и кој настан се случил пред пристигнувањето на обврската, а не можел да се предвиди, ниту пак договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ниту едната Страна.

7.2. Договорните страни се согласни дека за настан на виша сила ќе се смета следното: несреќи, пожари, епидемии, поплави, земјотреси, природни непогоди, ембарго, владини мерки, војна, граѓанска војна или било какви други настани надвор од разумна контрола на Страните.

7.3. Страната погодена од настан на виша сила ќе биде ослободена од одговорност спрема другата Страна за целосно/делумно неисполнување или задоцнето исполнување на обврските од овој Договор предизвикано од виша сила, при што обврската на другата Страна се гасне, а ако оваа целосно или делумно ја исполнила својата обврска, може да бара тоа да и се врати според правилата за стекнување без основ.

7.4. Во случај на појава на настан на виша сила, Страната погодена од истиот во рок од пет дена од првата појава на настанот на виша сила писмено ќе ја извести другата Страна за настанот во потполност, вклучувајќи и датум на првата појава и причина или настан кој го предизвикал.

## 8. Завршни одредби

**8.1.** Страните се согласни за следново: (i) времето е битен елемент при извршувањето на обврските од овој Договор; (ii) ништовноста на било кој дел од овој Договор нема да ги поништи останатите одредби од истиот; (iii) овој Договор ќе биде обврзувачки за страните и за нивните следбеници или дозволени преземачи; (iv) овој Договор го содржи целосниот договор на страните во врска предметната работа, и ги надминува и поништува сите претходни преговори меѓу страните; (v) сите измени на овој Договор ќе бидат валидни само ако се направени во писмена форма и потпишани од двете страни; (vi) насловите на точките погоре се само за полесно читање на Договорот и нема да се смета дека го определуваат значењето на секој одделен параграф; (vii) повикувањето на точка, параграф или прилог се однесува на точка, параграф или прилог кон овој Договор; (viii) правата и правните лекови наведени во овој Договор се кумулативни и не исклучуваат било кое право или правен лек предвиден со закон; (ix) овој Договор ќе биде интерпретиран и исполнет согласно со законите на Република Северна Македонија; (x) ако страните не се во можност да взаемно решат некој спор кој произлегува од овој Договор, тогаш спорната работа ќе биде конечно решена од Основниот суд во Скопје; (xi) овој Договор ќе бие потпишан потпишан во 2 (два) примероци на македонски јазик.

| | |
|---|---|
| **За ГЕНЕРАТОРОТ** | **ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ** |
| Иван Марковски | Сунчица Момировска |

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Мршевци, Илинден

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци ЕКОЦЕНТАР 97 увоз-извоз ДООЕЛ Скопје